Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: ____

Датум: ____

До
[redacted])

**Предмет: Известување**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван,

До Инспекцискиот совет е пристигнато Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-890/1 од 08.10.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и по пошта, фотокопија од следната информација:

„Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Информација по која процедура Инспекцискиот совет ја спроведе својата обврска од член 103 став 5 на Закон за инспекциски надзор.

Информација во однос на процедурата и постапката по која Инспекцискиот совет ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор. Информацијата која треба да ми ја доставите меѓудругото би требало да ги содржи следените информации:

Информација дали членовите на Инспекцискиот совет со личен увид во општините ги утврдиле инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација дали Инспекцискиот совет побарал од некој друг орган (на пример Управната инспекција) да ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација дали Инспекцискиот совет побарал од општините да достават список на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.

Информација ако Инспекцискиот совет побарал општините да достават список на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор дали и на кој начин Инспекцискиот совет

извршил контрола на доставените списоци од општините во однос на тоа дали на доставените списоци нема лица кои се инспектори.

И информации за други активности поврзани со работата на Инспекцискио совет во утврдување на инспекторите вработени во инспекциските служби на општините на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор."

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-890/1 од 08.10.2024 година и во однос на истото Ве информираме дека согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето.

Согласно наведеното, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет согласно Вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-831/1 од 18.09.2024 година, по пошта и е-маил Ви достави Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-830/2 од 24.09.2024 година, во кое е наведена бараната информација.

Дополнително, Ве известуваме дека Согласно член 3, став 1, алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности." Согласно наведеното, имателот на информации не е должен да создава нова информација, или да презема дополнителни дејства од своја надлежност, за да го задоволи Барателот во однос на неговото поднесено Барање на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор